# Исклучоци од дискриминација

# Афирмативни мерки

Скопје

15 .04.2013

# ИСКЛУЧОЦИ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Специфични одредби преку кои одредени разликувања ги исклучува од можноста да бидат третирани како дискриминација.

- Во законот за работни односи
- Законот за еднакви можности на жените и мажите
- ЗСЗД содржи голем број на вакви одредби кои се групирани во три групи:
  1. **Афирмативни мерки (член 13),**
  2. **Заштитни механизми за посебни категории на лица (член 15) и**
  3. **Нееднакво постапување (член 14).**

# Афирмативни мерки

- афирмативни (позитивни) мерки со цел постигнување на **фактичка еднаквост**, односно
- **изедначување на можносите** на припадниците на различни групи кои се наоѓаат во неповолна положба поради различни причини (маргинализирани групи, лица со хендикеп, припадници на малцинства кои биле дискриминирани во минатото).
- Се додека ваквите афирмативни мерки **се потребни**, истите нема да се сметаат како дискриминација.

- Суштинско за афирмативните мерки е дека нивната примена е **ОГРАНИЧЕНА**.

- Истите не претставуваат дискриминација се додека ги исполнуваат законските услови, а тоа е **се додека се неопходни и се додека не се постигне целта за која биле предвидени**.

- Нивната примена во погрешен правец или после постигнувањето на целта за која биле воведени, преминува во дискриминација.

# Примери на афирмативните мерки во РМ

- квотите загарантирани за припадниците на помалите етнички заедници во високото образование,
- вработувањето на припадници на помалите етнички заедници во јавната администрација (поради малиот процент на вработеност),
- преференцијалниот третман на старите лица преку давање на бесплатни услуги, како транспорт или користење на бањи

# “нееднакво постапување“ - последниот вид на исклучоци од дискриминација

- **Различниот третман на странците**

  - Правото на глас и вршење на јавни функции.

- **„суштествен услов за вработување“,**

  **одреден критериум кој се базира на некоја дискриминаторска основа, нема да се третира како дискриминација ако истиот критериум, поради природата на работата, занимањето или активноста, или поради условите во кои се одвива истата, <u>е суштински и неопходен за успешно вршење на истата</u>**

  - оглас за ангажирање на модели за рекламирање на машка или женска облека
  - при избор на кандидати за одигрување на улогата на одредена личност
  - носење на униформа – согласно со кодексите во фирмата

- **критериумите - религија, уверување, пол или друга карактеристика**, не претставуваат дискриминација **ако се суштествени за занимањето кое се одвива во религиозната институција**

  - свештеници

- **Уредувањето на бракот, вонбрачната заедница и семејството исклучиво како заедница на спротивни полови, односно на еден маж и една жена**

  -

- **Слободата на говор, јавниот настап мислење и јавно информирање**

  - не е условен со барање за неопходност или пропорционалитет, туку се поставува како апсолутен исклучок (дискутабилно), според меѓународните стандарди за човекови права, слободата на изразување не е апсолутна слобода туку во одредени околности може да се ограничи (почитување на правата и слободите на другите)

- **минимална или максимална старост** како критериум за вработување, за пристап до определени нивоа на обука или образование, како и давањето на некои привилегии поврзани со работењето

  - но под услов на пропорционалитет, не го надминува она што е неопходно со оглед на природата на занимањето, обуката или образованието

  - Вработувања во армија, полиција, унапредување на пилоти државни службеници, пензионирање  на балетски уметници и сл.

# Протективно законодавство
## заштитни механизми за посебни категории на лица

- Посебна заштита за бремената жена;
- Поттикнување на вработување со Закон (Активни мерки за вработување);
- Мерки за обезбедување на баланс во учеството на мажите и жените (квотите во Изборниот законик);
- Посебна заштита за малолетните деца, децата без родители, лицата со хендикеп и самохраните родители нема да се сметаат како дискриминација;
- Мерки за заштита на посебноста и идентитетот на малцинства и поттикнување на услови за унапредување на тој идентитет (Македонците-муслимани одРеканскиот крај)

БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Ленче Коцевска